**ЗАПИСНИК**
**од десеттата седница на Совет на општина Гевгелија**
**одржана на 15.03.2018 година**

На десеттата седница на Советот на општината што се одржа со почеток во 11 часот присуствуваа 19 члена на Советот од вкупно 19 члена колку што брои Советот.

**Покрај членовите на Советот на седницата беа поканети и присуствуваа: Сашо Поцков-Градоначалник на општина Гевгелија, Лилјана Кичукова –вработена во општината , Кирил Јанишлиев вработен во општината ,Дамјан Ѓуров директор на ЈОУ Библиотека "Гоце Делчев"-Гевгелија, Миле Ничевски директор на ЈОУ Дом на култура "Македонија"-Гевгелија, Миле Петров директор на ООУ "Крсте Мисирков"-Гевгелија, Сузана Стефанова директор на ООМУ "Васо Карајанов"-Гевгелија, Цветко Нелоски директор СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија , Снежана Катарова директор на ООУ "Владо Кантарџиев"-Гевгелија, Жаклина Линкова директор на ООУ "Ристо Шуклев"-Негорци, Марија Костадинова директор на ООУ "Климент Охридски"-Миравци, Мими Стојанова директор на Пионерски дом "Јосип Броз-Тито"- Гевгелија, Драгица Шутова вработена во ЈОУДГ "Детска радост–Гевгелија.**

Откако констатираа дека постои кворум за полноважно одлучување,Претседателот на Совет Ташко Дојчинов ја отвори десеттата Седница на Совет на општина Гевгелија.

Претседателот отвори расправа по записникот од осмата седница одржана на **28.02.2018.**

Претседателот го стави на гласање записникот од осмата седница и **Советот едногласно го усвои .**

Претседателот отвори расправа по записникот од деветтата(вонредна) седница одржана на **09.03.2018**

Претседателот го стави на гласање записникот од деветтата(вонредна) седница и **Советот едногласно го усвои .**

За работа на десеттата седница на Совет ,е предложен следниот

**ДНЕВЕН РЕД:**

1. Предлог-Квартален извештај за Буџетот на општина Гевгелија за 2017 година, за периодот: 01.01.2017г.-31.12.2017г. (Кумулативно),
2. Предлог-Завршна сметка на Буџетот на општина Гевгелија за 2017 година,
3.Предлог-Изјава од Советот на општина Гевгелија за исполнување на основните услови кои општината треба да ги исполни за да може да ги користи распределените средства за реализација на потпроектот "Обезбедување дополнителни количини на вода за општина Гевгелија",
4.Предлог-Одлука на Советот на општина Гевгелија за приоритетен инвестиционен проект,
5.Предлог-Одлука од Советот на општина Гевгелија за давање согласност и овластување на Градоначалникот на општината, за потпишување на Договорот за грант,
6.Предлог-одлука на Советот на општина Гевгелија за давање согласност и овластување на Градоначалникот на општината, за измирување односно пренасочување на средства од буџетската сметка на Општина Гевгелија,
7.Предлог-Годишна сметка на СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија за 2017 година,
8.Предлог-Годишна сметка на ООУ "Крсте Мисирков"-Гевгелија за 2017 година,
9.Предлог-Годишна сметка на ООУ "Владо Кантарџиев"-Гевгелија за 2017 година,
10.Предлог-Годишна сметка на ООУ "Климент Охридски"-Миравциза 2017 година,
11.Предлог-Годишна сметка на ООУ "Ристо Шуклев"-Негорци за 2017 година,
12.Предлог-Годишна сметка на ООМУ "Васо Карајанов"-Гевгелија за 2017 година,
13.Предлог-Годишна сметка на ЈОУ Библиотека "Гоце Делчев" - Гевгелија за 2017 година,
14.Предлог-Годишна сметка на ЈОУ Дом на култура "Македонија"- Гевгелија за 2017 година,
15.Предлог-Годишна сметка на ЈОУ Работнички универзитет "Кирил и Методија" - Гевгелија за 2017 година,
16. Предлог-Годишна сметка на ЈОУДГ "Детска радост–Гевгелија за 2017 година,
17. Предлог-Годишна сметка на ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз-Тито"-Гевгелија за 2017 година,
18.Предлог-Годишен извештај за работата на ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз Тито"-Гевгелија за 2017 година,
19.Предлог-Годишна програма за работата на ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз-Тито"-Гевгелија за 2018 година,
20. Предлог-Извештај за работата на ЈОУ Работнички универзитет "Кирил и Методија"-Гевгелија за 2017 година,
21. Предлог-Годишна програма за работа на ЈОУ Работнички универзитет "Кирил и Методија"-Гевгелија за 2018 година,
22. Предлог-Извештај за работењето на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија во 2017 година,

23. Предлог-Извештај за финансиското работење на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија за периодот 01.01.2017г.- 31.12.2017 година,
24. Предлог-Извештај за состојбата со јавната безбедност на подрачјето на Полициската станица од општа надлежност-Гевгелија за второто полугодие на 2017 година.
Дополнително е доставена точката:
-Предлог-Одлука за долгорочно задолжување на општина Гевгелија во рамките на проектот за подобрување на општинските услуги.

**Ташко Дојчинов претседател на Совет** отвори претрес по предложениот дневен ред:

**Ристо Камов член на Совет** - Побара службите да извршат исправка на насловната страна на точката под реден број 23 од доставените документи наместо Предлог-Извештај за финансиското работење на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија за периодот 01.01.2017г.- 31.12.2017 година треба да се додаде дека се работи и за завршна сметка на ЈПКД "Комуналец".

**Тихомир Ручкоманов член на совет** - "Затоа што не се доставени актите поединечно ,извештаите од финансии па потоа завршната сметка и истите не се разгледени така по тој редослед ниту на управниот одбор и ненавремено добивање на овој документ што го добивме во вчерашниот ден предлагаме точките под реден број 22 и 23 да бидат симнати од дневен ред и истите да бидат обработени од предлагачот како што е по ред и по закон и наредната седница да ни бидат доставени .Значи прво првично разгледување на извештајот кумолативно од 01.01 до 31.12 2017 со мислењата на управниот и надзорниот одбор бидејќи немаме мислење од управниот одбор и бидејќи немаме мислење бараме да се повлечат и доработат и заедно со извештајот за работа на Комуналец да бидат ставени за разгледување на наредната седница."

**Игор Илков член на совет** –"Во врска со новонастанатата ситуација со изгласувањето на законот за албански јазик барам како точка број еден на дневен ред да го ставиме разгледувањето на овој закон и реперкусиите и финансиските импликации на општина Гевгелија и да ги запознаеме граѓаните што тој закон значи за граѓаните на општина Гевгелија."

**Ристо Камов член на совет-"**Како претседател на комисијата за статут во целост ќе го демантирам колегата Ручкоманов ,значи комплетно документите што се доставени од Комуналец Гевгелија за точка 22 и 23 , мислењето на управен одбор и надзорен одбор се доставени , значи постои мислење и управниот и надзорниот одбор разгледувајќи го финансискиот извештај и кварталниот извештај што го опфаќа периодот од 01.01 до 31.12 тоа е составен дел на завршната сметка ,документите се два меѓутоа и управниот и надзорниот одбор ги разгледувал и така како што ги разгледувал го направил мислењето ,значи има мислење од двата органи комплетна е документацијата можеби требало да биде

последна точка на дневен ред работата на управниот и надзорниот одбор во склоп на извештајот за работата во 2017 година меѓутоа од искуство знаете дека ги спојуваме сите тие материјали бидејќи се зборува за иста материја а ќе ги гласаме оделно.Ако бараме причина за да ги тргнаме точките заради доцнење на материјалите и јас за другите точки материјалите ги добив подоцна и ако го запазиме тој рок од седум дена ќе треба сите точки да ги повлечеме од дневен ред."

**Тихомир Ручкоманов член на совет-"**Само за да и биде појасно на јавноста извештајот и завршната сметка на општината е една работа ,извештајот и завршната сметка на Комуналец е друга работа .Вам ви е потполно јасно тоа што ви е доставено од страна на градоначалникот како извештај посебно и завршна сметка посебно тоа се два посебни акти и не се исти бројките во двата акта додека што се однесува до Комуналец ние пред самата седница добивме материјал и сега вие сакате да не убедите сите нас дека може да биде тоа две во едно или да го ставиме и извештајот за работата па да бидат три во едно .Сметам дека тоа не е во ред и најдобро е да се вратат на доработка овие точки и да се стават на дневен ред на некоја од наредните седници."

**Ташко Дојчинов претседател на Совет** го стави на гласање предлогот на советникот Тихомир Ручкоманов точките под реден број 22 и 23 да бидат симнати од дневен ред и **Советот со 11 гласа "за", 7 "воздржани" и 1 не гласал го усвои.**

**Ташко Дојчинов претседател на Совет** го стави на гласање предлогот на советникот Игор Илков и **Советот со 9 гласа "за", 9 "против" и 1 воздржан не го усвои.**

**Ташко Дојчинов претседател на Совет** го стави дневниот ред на гласање и **Советот со 11 гласа "за", 6 "против" ,1 "воздржан" и 1 не гласал го усвои.**

**Точка 1. Предлог-Квартален извештај за Буџетот на општина Гевгелија за 2017 година, за периодот: 01.01.2017г.-31.12.2017г. (Кумулативно)**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Кварталниот извештај за Буџетот на општина Гевгелија за 2017 година, за периодот: 01.01.2017г.-31.12.2017г. (Кумулативно),

**Ташко Дојчинов претседател на Совет** го стави предлогот на Тихомир Ручкоманов по точките под реден број 1 и 2 да се расправа заедно а да се гласа поединечно и **Советот со 10 гласа за и 2 воздржани го усвои.**

Во претресот по точките 1 и 2 учествуваа:**Лилјана Кичукова вработена во општината,Ристо Камов, Андон Сарамандов,Митко Алчинов,Тодор Ристов,Томе Кичуков,Тихомир Ручкоманов,Магдалена Делковска,Сашо Поцков градоначалник на општина Гевгелија.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Кварталниот извештај за Буџетот на општина Гевгелија за 2017 година, за периодот: 01.01.2017г.-31.12.2017г. (Кумулативно),и **Советот со 10 гласа "за "и 2 "воздржани" го усвои.**

**Точка 2. Предлог-Завршна сметка на Буџетот на општина Гевгелија за 2017 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Завршната сметка на Буџетот на општина Гевгелија за 2017 година

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Завршната сметка на Буџетот на општина Гевгелија за 2017 година и **Советот со 10 гласа "за "и 1 "воздржан" ја усвои.**

**Ташко Дојчинов претседател на Совет** предложи по точките 3,4,5 и 6 да се расправа заедно а да се гласа поединечно и **Советот едногласно го усвои.**

**Точка 3. Предлог-Изјава од Советот на општина Гевгелија за исполнување на основните услови кои општината треба да ги исполни за да може да ги користи распределените средства за реализација на потпроектот "Обезбедување дополнителни количини на вода за општина Гевгелија".**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Изјавата од Советот на општина Гевгелија за исполнување на основните услови кои општината треба да ги исполни за да може да ги користи распределените средства за реализација на потпроектот "Обезбедување дополнителни количини на вода за општина Гевгелија",

Во претресот по точките 3,4,5 и 6 учествуваа: **Панче Киров вработен во општината.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Изјавата од Советот на општина Гевгелија за исполнување на основните услови кои општината треба да ги исполни за да може да ги користи распределените средства за реализација на потпроектот "Обезбедување дополнителни количини на вода за општина Гевгелија",и **Советот со 11 гласа "за" ја усвои.**

**Точка 4. Предлог-Одлука на Советот на општина Гевгелија за приоритетен инвестиционен проект.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Одлуката на Советот на општина Гевгелија за приоритетен инвестиционен проект.

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката на Советот на општина Гевгелија за приоритетен инвестиционен проект и **Советот со 11 гласа "за" ја усвои.**

**Точка 5. Предлог-Одлука од Советот на општина Гевгелија за давање согласност и овластување на Градоначалникот на општината, за потпишување на Договорот за грант.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Одлуката од Советот на општина Гевгелија за давање согласност и овластување на Градоначалникот на општината, за потпишување на Договорот за грант.

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката од Советот на општина Гевгелија за давање согласност и овластување на Градоначалникот на општината, за потпишување на Договорот за грант и **Советот со 11 гласа "за" ја усвои.**

**Точка 6. Предлог-Одлука на Советот на општина Гевгелија за давање согласност и овластување на Градоначалникот на општината, за**

**измирување односно пренасочување на средства од буџетската сметка на Општина Гевгелија.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-одлуката на Советот на општина Гевгелија за давање согласност и овластување на Градоначалникот на општината, за измирување односно пренасочување на средства од буџетската сметка на Општина Гевгелија,

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката на Советот на општина Гевгелија за давање согласност и овластување на Градоначалникот на општината, за измирување односно пренасочување на средства од буџетската сметка на Општина Гевгелија,и **Советот со 11 гласа "за" ја усвои.**

**Точка 7. Предлог-Годишна сметка на СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија за 2017 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Годишната сметка на СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија за 2017 година.

Во претресот по точката учествуваа: **Цветко Нелоски директор СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија .**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Годишната сметка на СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија за 2017 година и **Советот со 11 гласа "за" ја усвои.**

**Точка 8. Предлог-Годишна сметка на ООУ "Крсте Мисирков"-Гевгелија за 2017 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Годишната сметка на ООУ "Крсте Мисирков"-Гевгелија за 2017 година.

Во претресот по точката учествуваа: **Миле Петров директор на ООУ "Крсте Мисирков"-Гевгелија**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Годишната сметка на ООУ "Крсте Мисирков"-Гевгелија за 2017 година и **Советот со 11 гласа "за" ја усвои.**

**Точка 9. Предлог-Годишна сметка на ООУ "Владо Кантарџиев"-Гевгелија за 2017 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Годишната сметка на ООУ "Владо Кантарџиев"-Гевгелија за 2017 година.

Во претресот по точката учествуваа: **Снежана Катарова директор на ООУ "Владо Кантарџиев"-Гевгелија,Ристо Ѓоргиев,Тодор Ристов членови на Совет.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Годишната сметка на ООУ "Владо Кантарџиев"-Гевгелија за 2017 година и **Советот со 11 гласа "за" ја усвои.**

**Точка 10. Предлог-Годишна сметка на ООУ "Климент Охридски"-Миравци за 2017 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Годишната сметка на ООУ "Климент Охридски"-Миравци за 2017 година

Во претресот по точката учествуваа: **Марија Костадинова директор на ООУ "Климент Охридски"-Миравци,Ристо Ѓоргиев,Тодор Ристов членови на Совет.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Годишната сметка на ООУ "Климент Охридски"-Миравци за 2017 година и **Советот со 11 гласа "за" ја усвои.**

**Точка 11. Предлог-Годишна сметка на ООУ "Ристо Шуклев"-Негорци за 2017 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Годишната сметка на ООУ "Ристо Шуклев"-Негорци за 2017 година

Во претресот по точката учествуваа: **Жаклина Линкова директор на ООУ "Ристо Шуклев"-Негорци**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Годишната сметка на ООУ "Ристо Шуклев"-Негорци за 2017 година и **Советот со 11 гласа "за" ја усвои.**

**Точка 12. Предлог-Годишна сметка на ООМУ "Васо Карајанов"-Гевгелија за 2017 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Годишната сметка на ООМУ "Васо Карајанов"-Гевгелија за 2017 година

Во претресот по точката учествуваа: **Сузана Стефанова директор на ООМУ "Васо Карајанов"-Гевгелија.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Годишната сметка на ООМУ "Васо Карајанов"-Гевгелија за 2017 година и **Советот со 11 гласа "за" ја усвои.**

**Точка 13. Предлог-Годишна сметка на ЈОУ Библиотека "Гоце Делчев" - Гевгелија за 2017 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Годишната сметка на ЈОУ Библиотека "Гоце Делчев" - Гевгелија за 2017 година.

Во претресот по точката учествуваа: **Дамјан Ѓуров директор на ЈОУ Библиотека "Гоце Делчев" - Гевгелија**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Годишната сметка на ЈОУ Библиотека "Гоце Делчев" - Гевгелија за 2017 година, и **Советот со 10 гласа "за" и 1 не гласал ја усвои.**

**Точка 14. Предлог-Годишна сметка на ЈОУ Дом на култура "Македонија"- Гевгелија за 2017 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Годишната сметка на ЈОУ Дом на култура "Македонија"- Гевгелија за 2017 година

Во претресот по точката учествуваа: **Миле Ничевски директор на ЈОУ Дом на култура "Македонија"- Гевгелија**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Годишната сметка на ЈОУ Дом на култура "Македонија"- Гевгелија за 2017 година, и **Советот со 10 гласа "за" и 1 не гласал ја усвои.**

**Точка 15. Предлог-Годишна сметка на ЈОУ Работнички универзитет "Кирил и Методија" - Гевгелија за 2017 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Годишната сметка на ЈОУ Работнички универзитет "Кирил и Методија" - Гевгелија за 2017 година

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Годишната сметка на ЈОУ Работнички универзитет "Кирил и Методија" - Гевгелија за 2017 година и **Советот со 11 гласа "за" ја усвои.**

**Точка 16. Предлог-Годишна сметка на ЈОУДГ "Детска радост–Гевгелија за 2017 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Годишната сметка на ЈОУДГ "Детска радост–Гевгелија за 2017 година,

Во претресот по точката учествуваа: **Драгица Шутова вработена во ЈОУДГ "Детска радост–Гевгелија.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Годишната сметка на ЈОУДГ "Детска радост–Гевгелија за 2017 година,и **Советот со 11 гласа "за" ја усвои.**

**Точка 17. Предлог-Годишна сметка на ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз-Тито"- Гевгелија за 2017 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Годишната сметка на ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз-Тито"- Гевгелија за 2017 година.

Во претресот по точката учествуваа: **Мими Стојанова директор на Пионерски дом "Јосип Броз-Тито"- Гевгелија,Виктор Кралев член на совет.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Годишната сметка на Пионерски дом "Јосип Броз-Тито"- Гевгелија ,и **Советот со 10 гласа "за" и 1 против ја усвои.**

**Ташко Дојчинов- Претседател на Совет** го стави на гласање предлогот на советникот Тодор Ристов овие две точки под реден број 18 и 19 да се разгледуваат заедно а да се гласа поединечно и **Советот едногласно го усвои.**

**Точка 18. Предлог-Годишен извештај за работата на ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз Тито"-Гевгелија за 2017 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Годишниот извештај за работата на ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз Тито"-Гевгелија за 2017 година.

Во претресот по точките 18 и 19 учествуваа: **Мими Стојанова директор на Пионерски дом "Јосип Броз-Тито"- Гевгелија,Магдалена Делковска,Томе Кичуков ,Виктор Кралев ,Ристо Ѓоргиев членови на совет.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Годишниот извештај за работата на ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз Тито"-Гевгелија за 2017 година,и **Советот со 2 гласа "за" и 1 против и 8 воздржани не го усвои.**

**Точка 19. Предлог-Годишна програма за работата на ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз-Тито"-Гевгелија за 2018 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Годишната програма за работата на ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз-Тито"-Гевгелија за 2018 година.

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Годишната програма за работата на ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз-Тито"-Гевгелија за 2018 година ,и **Советот со 11 гласа "за" ја усвои.**

**Точка 20. Предлог-Извештај за работата на ЈОУ Работнички универзитет "Кирил и Методија"-Гевгелија за 2017 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Извештајот за работата на ЈОУ Работнички универзитет "Кирил и Методија"-Гевгелија за 2017 година.

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Извештајот за работата на ЈОУ Работнички универзитет "Кирил и Методија"-Гевгелија за 2017 година и **Советот со 2 гласа "за" и 9 воздржани не го усвои.**

**Точка 21. Предлог-Годишна програма за работа на ЈОУ Работнички универзитет "Кирил и Методија"-Гевгелија за 2018 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Годишната програма за работа на ЈОУ Работнички универзитет "Кирил и Методија"-Гевгелија за 2018 година.

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Годишната програма за работа на ЈОУ Работнички универзитет "Кирил и Методија"-Гевгелија за 2018 година,и **Советот со 11 гласа "за" ја усвои.**

**Точка 22. Предлог-Извештај за состојбата со јавната безбедност на подрачјето на Полициската станица од општа надлежност-Гевгелија за второто полугодие на 2017 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Извештајот за состојбата со јавната безбедност на подрачјето на Полициската станица од општа надлежност-Гевгелија за второто полугодие на 2017 година

Во претресот по точката учествуваа: **Миле Ангелков командир на ПС Гевгелија,Магдалена Делковска член на Совет**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Извештајот за состојбата со јавната безбедност на подрачјето на Полициската станица од општа надлежност-Гевгелија за второто полугодие на 2017 година,и **Советот со 11 гласа "за" го усвои.**

**Точка 23. Предлог-Одлука за долгорочно задолжување на општина Гевгелија во рамките на проектот за подобрување на општинските услуги.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Одлуката за долгорочно задолжување на општина Гевгелија во рамките на проектот за подобрување на општинските услуги.

Во претресот по точката учествуваа: **Кирил Јанишлиев вработен во општината,Тодор Ристов член на Совет.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за долгорочно задолжување на општина Гевгелија во рамките на проектот за подобрување на општинските услуги,и **Советот со 11 гласа "за" ја усвои.**

**Записничар,**<br>**Благој Картов**

**Претседател**<br>**на Совет на општина Гевгелија**<br>**Ташко Дојчинов**